Република Северна Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр. 02-233/9 16.10 2019г.

Republic of North Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel., факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk WEB: http:/www.nuub.mk

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 21 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19), член 21 и 23 точка 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/19), а во согласност со член 12 став 2 точка 14 и 18 од Статутот на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, бр. 01-240/1 од 23.06.2015 година, директорот донесе

# О Д Л У К А
## за избор на работници по објавен јавен оглас 01/2019 од 10.09.2019 година

1. По јавниот оглас 01/2019 за вработување на 7 (седум) работници – даватели на јавни услуги во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" и тоа: Соработник во зајмување и услуга на периодични публикации - (1) еден извршител во Одделение Комплетирање и обработка на библиотечен материјал, Сектор Комплетирање и обработка на библиотечен материјал, библиографии и збирки; Соработник во дигитализација и микрофилмување - (1) еден извршител во Одделение Развој на библиотекарството, Сектор Развој на библиотекарството, меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавноста; Соработник во магацин за задолжителен примерок и зајмување за возрасни - (1) еден извршител во Одделение Книжен фонд и услуги, Сектор Информации, заштита и репрографија; Соработник во зајмување на библиотечен фонд наменет за возрасни - (1) еден извршител во Одделение Книжен фонд и услуги, Сектор Информации, заштита и репрографија; Стручен соработник во развој на библиотекарството – Друг стручен соработник во заштита на културно наследство - 3 (три) извршители во Одделение Развој на библиотекарството, Сектор Развој на библиотекарството, меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавноста;
   Од предложената ранг листа се избираат следните кандидати:

- За работно место Соработник во зајмување и услуга на периодични публикации шифра КУЛ 03 04 Ѓ02 005 се избира
  - **Македонка Василевска** со ЕМБГ [redacted]

- За работно место Соработник во дигитализација и микрофилмување шифра КУЛ 03 04 Ѓ02 005 се избира

- **Слободан Пачовски** со ЕМБГ [redacted]

- За работно место Соработник во магацин за задолжителен примерок и зајмување за возрасни шифра КУЛ 03 04 Ѓ01 005 се избира
  - **Никола Марковски** со ЕМБГ [redacted]

- За работно место Соработник во зајмување на библиотечен фонд наменет за возрасни шифра КУЛ 03 04 Ѓ02 005 се избира
  - **Радомир Стојковиќ** со ЕМБГ [redacted]

- За работно место Стручен соработник во развој на библиотекарството – Друг стручен соработник во заштита на културно наследство шифра КУЛ 03 04 Д03 008 се избираат
  - **Вера Марковска** со ЕМБГ [redacted]
  - **Ирена Колевска** со ЕМБГ [redacted]
  - **Јасминка Кочевска** со ЕМБГ [redacted]

2. Со избраните кандидати од точка 1 на оваа одлука да се склучат договори за вработување на неопределено работно време по конечноста на одлуката.
3. Со одлуката за избор на кандидатите за прием по објавениот оглас да се известат сите кандидати кои се пријавиле на огласот.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" беше објавен јавен оглас 01/2019 на 10.09.2019 година за вработување на 7 (седум) лица – даватели на јавни услуги во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола и тоа: Соработник во зајмување и услуга на периодични публикации - (1) еден извршител во Одделение Комплетирање и обработка на библиотечен материјал, Сектор Комплетирање и обработка на библиотечен материјал, библиографии и збирки; Соработник во дигитализација и микрофилмување - (1) еден извршител во Одделение Развој на библиотекарството, Сектор Развој на библиотекарството, меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавноста; Соработник во магацин за задолжителен примерок и зајмување за возрасни - (1) еден извршител во Одделение Книжен фонд и услуги, Сектор Информации, заштита и репрографија; Соработник во зајмување на библиотечен фонд наменет за возрасни - (1) еден извршител во Одделение Книжен фонд и услуги, Сектор Информации, заштита и репрографија; Стручен соработник во развој на библиотекарството – Друг стручен соработник во заштита на културно наследство - 3 (три) извршители во Одделение Развој на библиотекарството, Сектор Развој на библиотекарството, меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавноста.

Во врска со наведениот оглас Комисијата за спроведување на постапката за вработување, формирана со Решение бр. 04-233/4 од 12.09.2019 година по спроведената постапка за селекција на ден 01.10.2019 година ги разгледа поднесените пријави на кандидатите и изготви Прелиминарна листа за пријавени кандидати бр. 04-233/5 од 01.10.2019 година. Согласно член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор се утврди при проверката на документите дека недостасуваат некои од доказите и во рок од 3

дена се побара од кандидатите да ги комплетираат документите. По комплетирањето на документите, Комисијата за спроведување на постапка за вработување на ден 07.10.2019 година ги разгледа уште еднаш поднесените и дополнети пријави на кандидатите и кандидатите со уредна документација беа повикани на интервју на ден 08.10.2019 година во 11 часот во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

По извршената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата изготви ранг листа на кандидатите за горенаведените места и истата беше доставена до директорот.

Директорот за горенаведените 7 (седум) работни места изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраните кандидати од точка 1 на оваа одлука ќе засноваат работен однос во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со потпишување на договор за вработување по конечноста на одлуката.

Правна поука: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор при Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

Директор

__________________________

м-р Бојан Стефановски